LEORON FOUNDATION

**Фондација ЛЕОРОН доделува**

**СТИПЕНДИИ ЗА ПОДРШКА НА СТУДЕНТИ ОД СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА И РАНЛИВИ КАТЕГОРИИ**

запишани на државните факултети во Република Северна Македонија за академската 2021/2022 година и го објавува следниот

# Конкурс

Фондацијата Леорон веќе три години активно се залага за подршка на студенти од ранливи категории, запишани на државните универзитети во Република Северна Македонија. Наша цел е  намалување на препреките, произлезени од социјалната состојба, со кои што се соочуваат младите академци и кои може да влијаат врз нивниот академски развој.

Ние веруваме дека секое дете има потенцијал да го исполни својот сон! Затоа, го даваме најдоброто од себе за да ги поттикнеме нашите студенти преку својот академски успех да го исполнат својот сон.

## КОЈ МОЖЕ ДА АПЛИЦИРА?

**Стипендија Кујтим Јусуфи** – студенти деца на самохран родител, студенти деца на невработени родители, студенти деца без родители и родителска грижа, студенти деца со посебни потреби, и студенти деца на корисници на надоместок по основ на престанок на работен однос од деловни причини за кои вкупните приходи во семејството се под минималната нето плата утврдена во Република Северна Македонија.

**Стипендија Кхалид Тавил** – студенти од социјално ранливи категории со докажан, висок академски успех.

**СТИПЕНДИИТЕ ЌЕ СЕ ДОДЕЛУВААТ ВО ПЕРИОД ОД 10 МЕСЕЦИ, ВО ИЗНОС ОД 100 ЕВРА МЕСЕЧНО.**

LEORON FOUNDATION

## НАЧИН И РОК НА ПРИЈАВУВАЊЕ

Потребни документи за пријавување:

- Пополнување на приложениот формулар / апликација
- Потврди за приходи
  - За вработените членови на семејството да се доставаат потврди за остварени приходи за последниот месец пред аплицирањето на овој конкурс или потврда за последната исплатена плата (за пензионираните – испратница од пензија).
  - За невработените членови на семејството да се доставаат потврди од АВРСМ дека се невработени и примаат/не примаат паричен надоместок, со наведување на износот на паричниот надоместок, доколку примаат.
- Мотивационо писмо

**Сите документи треба да се доставаат најдоцна до 30.06.2021 на следната Емаил адреса:**

foundation@leoron.com

Контакт инфо:

Емаил: foundation@leoron.com

Телефон: 02 3298 611

Драгана Гагиќ – Координатор на Проектот

https://www.leoron.com/foundation